**Известување за концентрација со која физичките лица Себастијан Хип, Германија и Штефан Хип, Германија индиректно стекнуваат заедничка контрола над друштвата Хип Холдинг АГ, Германија и Хип и Ко., Германија (предмет бр. 08-52/2022)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 28.02.2022 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која физичките лица Себастијан Хип, Германија и Штефан Хип, Германија индиректно стекнуваат заедничка контрола над друштвата Хип Холдинг АГ, Бруннигштрасе 141, 6072 Захселн, Германија и Хип и Ко., Бруннигштрасе 141, 6072 Захселн, Германија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

Групацијата на компании Хип е германски семеен бизнис. Г-дин Себастијан Хип и г-дин Штефан Хип се членови на семејството и косопственици на компаниите во рамките на групацијата Хип.

Групацијата Хип е производител и дистрибутер на храна за бебиња. Некои од производите од асортиманот на групацијата Хип се детска формула, кашички, чаеви, храна и пијалоци за бебиња при одвикнување, додатоци во исхраната, чаеви за хранење, сокови за хранење, производи за нега на бебешка кожа. Г-дин Јозеф Хип ја произведе првата храна за бебиња во 1899 година, додека г-дин Георг Хип ја основа компанијата Хип во 1932 година. Производните локации на групацијата Хип моментално се наоѓаат во Германија, Хрватска, Австрија, Русија, Швајцарија, Украина, Унгарија. Клиентите на групацијата Хип се главно продавници за храна и аптеки.

Во Република Северна Македонија, групацијата Хип е присутна преку своите брендови Хип и Бебивита.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува сите заинтересирани страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

04.03.2022 година, Скопје